**ЗАПИСНИК**

**од 8-ма седница на Советот на Општина Новаци, одржана на ден 05.03.2026 година, со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во Новаци**

На седницата присуствуваа советниците: Илче Трајковски, Горан Велјановски, Весна Котевска, Игор Марковски, Иванчо Петковски, Македонка Соклевска, Ропче Ангелковски, Иванчо Котевски и Васко Секуловски.

Од општинската администрација присутни беа: Стевче Стевановски-Градоначалник на Општина Новаци, Анета Киселоска-Раководител на Одделение за правни, општи и јавни дејности, Александра Ангелевска-Помлад соработник, Петар Велјановски-Соработник, Филип Радевски-Советник.

Останати присутни: Андреј Наумовски- Претседател на здружение „Младинска Граѓанска Акција“ Новаци, Васил Талевски, Флорин Стојковски, Вецко Марковски и Мендо Груевски - Претставници од Здружение на хуманитарни возрасни граѓани на Општина Новаци „Сложни граѓани Новаци“, Пеце Коруновски - Претседател на ЗФК „Новаци 2005“

Претседателот на Советот Илче Трајковски ја отвори седницата, ги поздрави советниците и го предложи следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 7$^{та}$ седница на Совет на Општина Новаци;

2. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнувањена Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2026 година;

3. Разгледување и донесување Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони за Градоначалникот, советниците и вработените во општинската администрација на Општина Новаци;

4.Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на Извештај за извршен годишен попис во Општина Новаци со состојба на 31.12.2025година;

5. Разгледување и донесување на Одлука за отпочнување на процесот на ажурирање на Проценатa на загрозеноста на подрачјето на Општина Новаци од сите ризици и опасности;

6. Разгледување и донесување на Одлука за именување на членови на Управен одбор на ЈОУДГ „Бамби“- Новаци;

7. Разгледување и донесување на Одлука за именување на членови на Надзорен одбор на ЈОУДГ „Бамби“ - Новаци;

8. Разгледување на Барање за финансиска подршка од Здружение „Младинска граѓанска акција“ Новаци;

9. Разгледување на Барање за одобрување на финансиски средства од Здружение на хуманитарни возрасни граѓани на Општина Новаци „Сложни граѓани Новаци“;

10. Разгледување на Барање за финансиска помош за опремување на младински и кариерен центар од СОЕУ „Јане Сандански“ Битола;

11. Разгледување на Барање за финансиска помош за елементарна непогода во Општина Кичево;

12. Разгледување на Известување и Барање од Заедница на Срби во Македонија;

13. Разгледување на Барање од Марина Наумовска од с.Новаци;
14. Разгледување на Барања за еднократна парична помош;
15. Советнички прашања

Претседателот предложи измена и дополнување на дневниот ред и тоа:
-Барање од МКЦ Новаци за промена на договор, како точка бр.15;
-Барање од МКЦ Новаци за рефундирање на средства за интернет, како точка бр.16;
-Барање за спонзорство и донација од Претседател на совет на родители ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, како точка бр.17;
Точката 15 Советнички прашања ќе стане точка бр.18;

Предложениот дневен ред со дополнувањата, советниците го усвоија со **9 гласа ЗА.**

Пред почетокот на разгледувањето на дневниот ред, претседателот Илче Трајковски го повика претседателот на ЗФК „Новаци 2005“ да даде образложение за предходно доставените финансиски средства за исплата на старите долгови на ЗФК „Новаци 2005“. Претседателот Пеце Коруновски достави изводи од банка за испатените средства и даде образложение кои долгови беа испатени и кон кои фирми.
Советникот Иванчо Котевски побара да се поведе судска постапка и да се обезбедат сметки и изводи од банка за уназад исплатените финансиски средства од предходното раководство. Претседателот на Совет Илче Трајковски рече дека таа постапка ќе ја спроведе ангажираната ревизија која ја побара Советот на Општина Новаци.
Претседателот на Совет Илче Трајковски му се заблагодари на претседателот на ЗФК „Новаци 2005“ Пеце Коруновски за присуството и доставените изводи. Претседателот на ЗФК „Новаци 2005“ Пеце Коруновски ја напушти седницата.

**Точка 1** Разгледување и усвојување на Записникот од 7та седница на Совет на Општина Новаци
По разгледувањето на Записникот од 7та седница, истиот беше ставен на гласање.
Записникот беше усвоен со **9 гласа ЗА.**

**Точка 2** Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнувањена Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2026 година;
Раководителката Анета Киселоска образложи дека Министерството за финансии достави допис со забелешка за промена на член од Законот за буџет, бидејќи тој е во сила но извршувањето е одложено за 2027. Заради тоа одлуката ќе претрпи измена во преамбулата и потребно е да се изгласа повторно. Претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

**Точка 3** Разгледување и донесување Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони за Градоначалникот, советниците и вработените во општинската администрација на Општина Новаци;
Претседателот Илче Трајковски го повика Филип Радевски-вработен во општинската администрација да ја образложи оваа точка. Тој објасни дека со овај Правилник се врши измена на предходниот правилник од 2024 година заради корекција на делот на цените за претплатата на телефонските линии за општинската администрација и за членовите на советот на Општина Новаци, согласно пакетите од договорот за јавна набавка на мобилни телефонски линии.

Откако Филип Радевски ја образложи точката, претседателот ја стави истата на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

**Точка 4** Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на Извештај за извршен годишен попис во Општина Новаци со состојба на 31.12.2025година;

Советниците го разгледаа извештајот за извршен попис со состојба на 31.12.2025 година на инвентарот во сопственост на Општина Новаци и бидејќи немаше прашања и коментари претседателот ја стави точката на гласање. Одлуката беше донесена со **9 гласа ЗА.**

**Точка 5** Разгледување и донесување на Одлука за отпочнување на процесот на ажурирање на Проценатa на загрозеноста на подрачјето на Општина Новаци од сите ризици и опасности;

Претседателот ја прочита точката и му даде збор на Петар Велјановски-вработен во Општина Новаци да образложи за што се донесува оваа одлука. Тој кажа дека ваква процена последно имаме донесено во 2014 година и дека од тогаш не е ажурирана. Согласно член 5 од Законот за управување со кризи и член 14 од Уредбата за методологијата за изработка на проценатa на загрозеноста на безбедноста на РСМ од сите ризици и опасности, Општина Новаци со одлука го отпочнува процесот на ажурирање на проценатa на загрозеноста на подрачјето на општина Новаци. Ажурирањето ќе го спроведи подрачното одделение на регионалниот центар за управување со кризи од Битола во кординација со Општина Новаци.

По објаснувањето претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

**Точка 6** Разгледување и донесување на Одлука за именување на членови на Управен одбор на ЈОУДГ „Бамби“- Новаци;

Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Горан Велјановски кажа дека комисијата одржа седница и на седницата беа предложени следните членови за Управен одбор на ЈОУДГ „Бамби“- Новаци:

1.Марија Ристевска од с.Новаци
2.Александра Ангелевска од с.Новаци
3.Ивона Ивановска од с.Новаци

Со предлозите на Комисијата за мандатни прашања избори и именувања, предлозите од ЈОУДГ „Бамби“ Новаци и предлогот на Министерство за социјална политика, демографија и млади, комплетниот состав на Управниот одбор ЈОУДГ „Бамби“- Новаци ќе гласи:

1.Марија Ристевска од с.Новаци
2.Александра Ангелевска од с.Новаци
3.Ивона Ивановска од с.Новаци
4.Марија Крстевска с.Новаци
5.Благица Башевска с.Новаци
6.Александра Бошевска с.Дедебалци
7.Елена Стојчевска с.Гнеотино

Точката со предлозите беше ставена на гласање и беше усвоена со **7 гласа ЗА.**

**Точка 7** Разгледување и донесување на Одлука за именување на членови на Надзорен одбор на ЈОУДГ „Бамби“ - Новаци;

Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Горан Велјановски кажа дека комисијата одржа седница и на седницата беа предложени следните членови за Надзорен одбор на ЈОУДГ „Бамби“- Новаци:

1.Сања Јанакиевска с.Логоварди
2.Виолета Соклевска с. Новаци

3.Александра Котевска с.Добромири

Точката со предлозите беше ставена на гласање и беше усвоена со **7 гласа ЗА.**

**Точка 8** Разгледување на Барање за финансиска подршка од Здружение „Младинска граѓанска акција“ Новаци;

Претседателот Илче Трајковски по однос на оваа точка се изјасни дека беше разгледана и на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР. На седницата беше разгледана новата програма доставена од Здружението со наведени финансиски средства за секоја ставка поединечно. Претседателот на советот Илче Трајковски го повика Андреј Наумовски-Претседател на здружението „Младинска Граѓанска Акција“ Новаци да ја образложи програмата. Претседателот Андреј Наумовски ги прочита сите ставки поединечно и кажа кои активности ќе ги спроведува Младинскиот културен центар-Новаци во тековната година. Тој кажа дека финансиите во програмата се зголемени од предходната година бидејќи оваа година треба да плаќаат младински работник и активностите во центарот исто така се зголемени. Андреј Наумовски предложи средствата кои општината им ги префрлуваше предходно на Културно уметничкото друштво „Новаци“ од Новаци да сега влезат во програмата на МКЦ-Новаци бидејќи моментално преку проект на кој работи МКЦ-Новаци играорната група функционира одлично и истата брои 3 групи од по 15тина деца од цела Општина. Исто така тој кажа дека од средствата кои беа префрлени за изминатата година Младинскиот центар има нереализиран дел кој изнесува околу 180,000денари. Градоначалникот Стевче Стевановски се изјасни дека средствата од програмата кои ги побарува Младинскиот културен центар се голем терет за буџетот на Општината и дека ќе се финансира само дел од програмата на Младинскиот центар-Новаци. Тој додаде дека останатите средства кои ги има Младинскиот центар на сметката треба да се искористат за набавка на народни носии кои ќе ги користат децата од младинскиот центар. Претседателот на советот-Илче Трајковски предложи да се доделат 750.000 денари за тековната година и нереализираните 180.000 денари од изминатата година да се искористат за купување на народни носии за играорната група која е составен проект на Младинскиот културен центар. Останатите советници се согласија со предлогот на претседателот.

По завршувањето на дискусијата точката со предлогот беше ставена на гласање и беше усвоен предлогот со **7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАН.**

**Точка 9** Разгледување на Барање за одобрување на финансиски средства од Здружение на хуманитарни возрасни граѓани на Општина Новаци „Сложни граѓани Новаци“;

Претседателот на совет-Илче Трајковски ја прочита точката и ги повика претставниците од Здружението да го образложат барањето. Васил Талевски се заблагодари за поканата и за можноста да присуствуваат на седницата на Советот. Тој кажа дека здружението се формира како самостојно здружение со цел да се оддели од здружението на пензионери во Битола и дека како такво брои одлични резултати. Средствата кои би ги добиле како подршка од општината ќе се искористат за пензионерите и тоа за патувања, настани, дружења и слично. Градоначалникот кажа дека минатата година се направи чекор за обединување на пензионерите преку финансирање на здружението на пензионери и дека од тоа не се гледаат никакви резултати, напротив се формирале уште неколку здруженија низ општината кои исто така побараа средства од општината за реализирање на нивните програми.

Васил Талевски: ова здружение работи тимски, често патуваме и сите пензионери се задоволни. Градоначалникот постави прашање до представниците што ќе значи оваа помош од 300.000денари за здружението и дали со овој буџет ќе успеат да ги обединат сите пензионери од општината на едно место и да ги користат овие средства сите подеднакво. Васил Талевски заедно со останатите представници одговорија дека сите пензионери се добредојдени во здружението и дека тоа работи на тоа да се обединат сите.

Советникот Иванчо Котевски кажа дека секогаш кога патуваат некаде пензионерите општината им обезбедува превоз и дека заради тоа нема да имаат потреба од толкави финансиски средства. Градоначалникот исто додаде дека општината сака да помогне и да излезе во пресрет на сите здруженија но дека не може да ги финансира сите со толкави средства. Претседателот Илче Трајковски предложи да се направи еден компромис по однос на овие барања и кажа: Бидејќи овие средства не се предвидени во програмата на општината и се надвор од буџетската рамка, предлагам да донесеме одлука со која ќе побараме од здружението за секоја активност да носи поединечно барање кое ќе се разгледува тука на совет и за секое посебно ќе се носи одлука. Оваа година предлагам да направиме ваков чекор за да видиме како ќе функционира па од наредната година доколку сметаме дека е потребно ќе го финансираме здружението со буџет на почетокот на годината и средствата ќе ги предвидиме во буџетот на општината. Градоначалникот се согласи со предлогот и им кажа на представниците да бараат начин сами да обезбедат средства за здружението бидејќи и како такви се формирани односно самото здружение се вика хуманитарно здружение. По дискусијата претседателот со предлогот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

По изгласувањето на оваа точка советникот Иванчо Петковски од оправдани причини ја напушти седницата.

**Точка 10** Разгледување на Барање за финансиска помош за опремување на младински и кариерен центар од СОЕУ „Јане Сандански“ Битола;

Советниците го разгледаа барањето**.** Градоначалникот кажа дека училиштето ги бара средствата за опремување на просторија во училиштето со столчиња. Многу деца од нашата општина учат во тоа училиште и добро би било да им овозможиме помош. Градоначалникот предложи да му се доделат 40.000денари. Претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **8 гласа ЗА**.

**Точка 11** Разгледување на Барање за финансиска помош за елементарна непогода во Општина Кичево;

Барањето беше разгледано од страна на советниците и градоначалникот. Градоначалникот предложи да им се доделат 100.000 денари. Претседателот Илче Трајковски предлогот за доделување на 100.000 денари финансиска помош за елементарна непогода во општина Кичево го стави на гласање и беше усвоен со **8 гласа ЗА.**

**Точка 12** Разгледување на Известување и Барање од Заедница на Срби во Македонија;

Претседателот го прочита барањето и кажа дека Заедницата на Срби во Македонија бара одобрение од советот за поставување на звоно на црквата на Кајмакчалан која се наоѓа на територијата на општина Новаци. Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **8 гласа ЗА.**

**Точка 13** Разгледување на Барање од Марина Наумовска од с.Новаци;

Советот го разгледа барањето и констатира дека општината не е надлежна по однос на барањето. Претседателот предложи да се одбие барањето и да се извести странката дека општината не е надлежна. Потоа точката беше ставена на гласање. Точката со предлогот за одбивање беше усвоена со **8 гласа ЗА.**

**Точка 14** Разгледување на Барања за еднократна парична помош;

Претседателот ги прочита барањата за еднократна парична помош кои беа на дневен ред на Комисијата за еднократна парична помош. Комисијата за еднократна парична помош предложи:

1.Барање за финансиска помош од лицето Оливера Димитровска од Битола, вработена во Општина Новаци, да се доделат финансиски средства во износ од 20.000денари.
Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **8 гласа ЗА.**
2.Барање за финансиска помош за лекување од лицето Дара Гиковска од с.Рибарци, да се доделат финансиски средства во износ од 10.000денари.
Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **8 гласа ЗА.**
3.Барање за финансиска помош за лекување од лицето Звонко Богојевски од с.Новаци, да се доделат финансиски средства во износ од 20.000денари.
Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **8 гласа ЗА.**
4.Барање за финансиска помош од лицето Биљана Митровска од с.Живијно за лекување на својот син Илија Митровски, да се доделат финансиски средства во износ од 20.000денари.
Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **8 гласа ЗА.**
5. Барање за финансиска помош за лекување од лицето Драги Србиновски од с.Брод, да се доделат финансиски средства во износ од 10.000денари.
Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **8 гласа ЗА.**

**Точка 15** Барање од МКЦ Новаци за промена на договор;

Претседателот Илче Трајковски го прочита барањето од Младинскиот културен центар за промена на договор и кажа дека во барањето се бара да се промени член од договорот кој се однесува на бројот на просториите во Младинскипот културен центар, односно наместо три простории да се користат четири простории и тоалетите во објектот.
Точката за промена на договорот беше ставена на гласање и се усвои со **8 гласа ЗА.**

**Точка 16** Барање од МКЦ Новаци за рефундирање на средства за интернет;

Претседателот Илче Трајковски го прочита барањето од Младинскиот културен центар за рефундирање на средства за интернет. Младинскиот културен центар бара од општината да ги покрие трошоците за интернет кои биле платени од страна на член на организацијата со цел непречено функционирање на активностите во Младинскиот центар. Врз основа на договорот во кој Општината се обврзува да ги плаќа трошоците за интернет услуги, младинскиот културен центар го поднесе ова барање. Градоначалникот по однос на ова барање предложи Младинскиот културен центар од својата сметка да ги подмири трошоците кон членот кој ја платил сметката за интернет услуги. Претседателот на советот Илче Трајковски го прифати предлогот заедно со останатите советници и одлучи барањето да се одбие. Предлогот за одбивање на барањето беше ставен на гласање и беше усвоен со **8 гласа ЗА.**

**Точка 17** Барање за спонзорство и донација од Претседател на совет на родители ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци;

Претседателот Илче Трајковски го прочита барањето од претседателот на совет на родители ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за донација на униформи за учениците. Советничката Македонка Соклевска даде коментар дека од досегашното искуство се гледа дека поголемиот дел од учениците не ги носат редовно униформите и дека подобро е да се донираат средствата за друга цел. Претседателот предложи точката да се одложи за некоја наредна седница и да се повикаат представници од советот на родители.
Предлогот за одложување на точката претседателот ја стави на гласање и беше усвоен со **8 гласа ЗА.**

**Точка 18** Советнички прашања;

Претседателот праша дали некој од советниците има советнички прашања. Советнички прашања немаше.

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен Претседателот Илче Трајковски ја затвори седницата.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар
Александра Ангелевска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски